ОПШТИНА
БЕРОВО
„Димитар Влахов" бр.10,
2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471 057
www.berovo.gov.mk
E-mail: so.berovo@t-home.mk



Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Берово, на ден 26. 12. 2018 година, донесе

# ОДЛУКА

## за неспроведување на стратегиска оцена

1. **За локална урбанистичка планска документација со намена за Е2 - комунална супраструктура - градби за производство на енергија на КП 3300 и КП 3301, КО Берово вон гр, општина Берово -ПРЕДЛОГ ПЛАН** кој го донесува Советот на општина Берово ***не е потребно да се спроведе стратегиска оцена*** на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Берово на следната веб адреса: www.berovo.gov.mk

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 1 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **локална урбанистичка планска документација со намена за Е2 - комунална супраструктура - градби за производство на енергија на КП 3300 и КП 3301, КО Берово вон гр, општина Берово** – предлог план, нема да има значително влијание врз животната средина, од следните причини: Според *Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето (Службен весник на РМ бр. 153/07, и 45/11)* во член 3 стои – Стратегиска оцена се спроведува на плански документи доколку со нив се предвидува спроведување на проекти за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина или кои влијаат врз заштитените подрачја прогласени согласно Закон. По доставено писмо со намера за изведување на проект до Министерство за животна средина и просторно планирање е издадено МИСЛЕЊЕ дека при изведување на проектот не е потребно спроведување на постапка за ОВЖС, а инвеститорот е должен да изготви Елаборат за заштита на животна средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до општина Берово во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 08-4237/1
26.12.2018-Берово

ОПШТИНА БЕРОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
ЗВОНКО ПЕКЕВСКИ